КАРПОШ

неделен

Е - БИЛТЕН

ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
20 - 26 февруари 2023 Билтен бр. 514

КОСОВО ЌЕ ГИ ПРИМЕНУВА ПОЗИТИВНИТЕ ПРАКТИКИ ОД ГРАДИНКАТА „ОРЦЕ НИКОЛОВ“

Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски беа во работна обиколка на новите занимални кои се очекува веќе наредниот месец да бидат пуштени во употреба, во рамки на детската градинка „Орце Николов“ во населбата Карпош 3. Новопроектираниот објект го посетија и косовската делегација од тамошното Министерство за образование, Министерство за финансии, Светска банка во Косово, како и претставници од Државниот универзитет во Косово. Во увид на новиот објект беше и делегацијата од Светска банка во Северна Македонија, предводена од вишиот специјалист за образование, Бојана Нацева.

Целта на денешната посета беше пренесување на позитивните практики од Македонија, како модел за подобрување на условите на децата од предучилишна возраст кои се згрижени во градинките во Косово. Во таа насока, косовската делегација претстојува во дводневна посета на нашата земја, во вид на студиската визита преку размена на учење од полето на раната детска едукација и грижата.

Имено, новите занимални кои наскоро ќе функционираат во рамки на градинката „Орце Николов“, претставуваат повеќенеменски простор каде дополнително ќе бидат згрижени околу 100 дечиња на возраст од четири до шест години. Насоките за проектирање на овој објект ги даде словенечкиот архитект Јуре Котник кој е ангажиран како консултант на Светска банка, и според него овој простор претставува своевиден нов концепт за развој и стимулација на моториката кај децата.

Инаку, локалната самоуправа за изградба на новиот објект користи грант во висина од 28 милиони денари преку Министерството за труд и социјална политика (МТСП), кој пак го доделува Светска банка преку „Проект за подобрување на социјалните услуги“.

Би сакал јавно да ја истакнам нашата благодарност до Светска банка и до Владата на РСМ, бидејќи ни помогнаа да го проширие капацитетот за прием на нови дечиња во оваа предучилишна установа. Објектот е целосно енергетски ефикасен и претставува асеизмичка градба, а воедно е конципиран како современ простор за сместување на најмладите карпошани. Она што можеме да го ветиме како локална самоуправа е дека ќе продолжиме со сопствени средства да доградуваме и изградуваме нови градинки на наша територија – посочи Јакимовски.

КООРДИНИРАНА АКЦИЈА ЗА ПОЧИСТ КАРПОШ

По иницијатива и насока на Секторот Инспекторат при Општина Карпош во соработка со Одделението за комунална инспекција од Град Скопје, деновиве во У.З Злокуќани се одвиваше заедничка акција за расчистување на предмети кои ја загадуваат животната околина.

Во таа насока интервенираа и службите за одржување на јавната чистота од Општина Карпош, кои со помош на соодветна механизација го собираа отпадот и го отстрануваа градежниот шут од теренот. Денеска, општинските служби ги расчистуваа „критичните точки“ низ овој дел на локалната самоуправа, а на повеќе локации во овој реон се поткаструвааа гранките и се чистеа одводните канали.

ИСЧИСТЕНА МИНИ ДЕПОНИЈА ВО НАСЕЛБАТА КОЗЛЕ

Во координација со Секторот Инспекторат од Општина Карпош, лицата задолжени за одржување на јавната хигиена во локалната самоуправа спроведоа акција за расчистување на теренот во населбата Козле. Притоа, хигиеничарите од Карпош со помош на соодветна механизација ја исчистија помалата депонија која ја затекнаа на улица „Ловќенска“. Службите од Карпош и понатаму ќе работат со зголемен интензитет на одржување на чистотата на своја територија, а денешната акција е всушност продолжение на комуналните активности кои хигиеничарите од Карпош деновиве ги реализираа низ населбата Злокуќани.



ОДБЕЛЕЖАНА 79 ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА КУЗМАН ЈОСИФОСКИ-ПИТУ

Со положување на свежо цвеќе пред споменикот на Кузман Јосифоски – Питу кој се наоѓа во населбата Козле, делегација од Општина Карпош предводена од Секретарот Неделчо Крстевски му оддаде почит на големиот народен херој, кој е еден од главните организатори на антифашистичкото движење и на НОБ во Македонија. Пред бистата на револуционерниот деец се поклонија и бројни граѓани, членови на Сојузот на борците, претставници на политички партии, како и советници од Општина Карпош.

Токму на денешен ден во 1944 година Кузман Јосифоски загинува во престрелка со бугарски војник, при обид да го напушти Скопје. Поради својата неуморна народно – ослободителна дејност, многумина го нарекуваат „вториот Гоце Делчев“ на НОБ. Оттука, на 2. август 1945 година, Кузман Јосифоски – Питу е прогласен за Народен херој на Југославија, при што спаѓа меѓу првите борци од Македонија кои го добиле тоа високо одликување (заедно со Стив Наумов, Орце Николов, Страшо Пинџур, Мирче Ацев и Христијан Тодоровски – Карпош).